IDSCS | Institute for Democracy Societas Civilis -Skopje

Konrad Adenauer Stiftung

# КРЕДИБИЛИТЕТОТ НА ЕВРОПСКАТА УНИЈА ВО МАКЕДОНИЈА Е ДОВЕДЕН ВО ПРАШАЊЕ



# КРЕДИБИЛИТЕТОТ НА ЕВРОПСКАТА УНИЈА ВО МАКЕДОНИЈА Е ДОВЕДЕН ВО ПРАШАЊЕ

**Автори: Зоран Нечев[1] и Христијан Петрушев[2]**

---

1 Зоран Нечев е постар истражувач и програмски координатор, Центар за европски интеграции, Институт за Демократија „Социетас Цивилис" - Скопје и стипендист на Фондацијата Конрад Аденауер

2 Христијан Петрушев е помлад истражувач во Институтот за Демократија „Социетас Цивилис" - Скопје

# ПРЕГЛЕД НА НАОДИ И ЗАКЛУЧОЦИ[1]

1 Напомена: При спроведувањето на анкетата беше користен терминот држава, иако како една од опциите понудени на испитаниците кај одредени прашања беше дадена Европската Унија. Ова е направено од единствена причина да се поедностави прашалникот и зголеми разбирливоста на истиот. Ова истражување се спроведува на национално ниво.

***Наоди***

- Најголемиот процент на испитаници (44,3%) не се задоволни од напорите кои Европската Унија(ЕУ) ги презема во улога на медијатор во политичката криза во Македонија, 40,6% се делумно задоволни, додека само 10,9% се целосно задоволни.
- Во однос на медијацијата на ЕУ, 46,1% од етничките Македонци изразиле незадоволство од истата, наспроти 35,2% од етничките Албанци.
- Две третини од испитаниците (69,9%) веруваат дека процесот на пристапување во ЕУ значително или до одредена мерка ќе придонесе за зајакнување на владеењето на правото во Македонија.
- Мнозинството од испитаниците (58.5%) воопшто не се запознаени со извештајот на Прибе
- Речиси половина (48,1%) од испитаниците сметаат дека највлијателна странска држава во Македонија се Соединетите Американски Држави.
- Околу четвртина од граѓаните (26,2%) сметаат дека ЕУ би била најдобриот странски сојузник на Македонија, 25% од населението сметаат дека тоа би била Русија, додека за 17,5% од граѓаните, САД е најпретпочитуван сојузник.
- Најголемиот процент на етнички Македонци (29%) сметаат дека Русија би била најдобриот надворешен сојузник, додека најголемиот процент на етнички Албанци (32%) сметаат дека тоа би била ЕУ.

# *Заклучоци*

- Повисоката инклинација на испитаниците кон незадоволство од вложените напори на ЕУ во улога на медијатор во политичката криза во Македонија, нема посериозен негативен ефект врз општата јавна поддршка за процесот на пристапување на Македонија кон ЕУ.
- Мнозинството граѓани сметаат дека процесот на пристапување во ЕУ ќе има позитивен придонес кон зајакнувањето на владеењето на правото во Македонија, но, истовремено очигледно е високо нивото на непознавање на тоа како би се постигнала оваа цел.
- Значително мнозинство на испитаници се индиферентни кон постоечките иницијативи за владеење на правото поддржани од ЕУ.
- За граѓаните на Република Македонија, највлијателен надворешен фактор се Соединетите американски држави.
- Кредибилитетот на ЕУ во Македонија е доведен во прашање, при што мнозинството на етнички Македонци ја претпочитаат Русија како надворешен сојузник.
- Празнината создадена со намалувањето на поддршката за членство во ЕУ[1] е воглавно пополнета со поддршка за Русија, особено меѓу македонското етничко население.

1. Повеќе за трендовите за поддршка на членството во ЕУ: Иван Дамјановски, „Јавното мислење и македонскиот процес на пристапување кон Европската Унија (2004-2014)" http://idscs.org.mk/wp-content/uploads/2009/08/javno-mislenje-eu-MAK.pdf

- Постои значителна разлика помеѓу двете најголеми етнички групи во Македонија во однос на нивните перцепции за најдобар/најпретпочитуван надворешен сојузник на Македонија. Највисокиот процент на етнички Албанците ја поддржуваат ЕУ и САД, соодветно со 32,2% и 28,3%, додека најголем дел од етничките Македонци (29,9%) сметаат дека Русија би била најдобриот сојузник за Македонија.
- Заедничко за двете најголеми етнички групи во Македонија е високата поддршка за ЕУ.

## *Вовед*

Извештајот на Европската комисија за Македонија од 2016 година прикажува прилично мрачна слика на земја во длабока политичка, институционална и социјална криза. Извештајот наведува дека „демократијата и владеењето на правото постојано се соочуваат со предизвик, особено како резултат на државната контрола која влијае врз функционирањето на демократските институции и клучните области на општеството".[2] Резултатите од неодамна објавениот Индекс за перцепција на корупцијата од 2016 година кој открива дека Македонија е една од десетте земји кои го забележиле најголемиот годишен пад во индексот на глобално ниво, ја поткрепува горе изложената ситуација.

Веќе одредено време, граѓанските организации во Македонија ја истакнуваат загриженоста

2 European Commission, "Macedonia progress Report 2016", Brussels, 9.11.2016: https://ec.europa.eu/neighbourhood-enlargement/sites/near/files/pdf/key_documents/2016/20161109_report_the_former_yugoslav_republic_of_macedonia.pdf

од постоечката ситуација. Предлогот за итни демократски реформи како заеднички потфат на група граѓански организации и поединци всушност претставуваше своевиден одговор на актуелната политичка криза, уназадувањето на демократките стандарди и во владеењето на правото и губењето на кредибилитетот на институциите, образложени во последниот Извештај на Европската комисија за Македонија.[3]

Со цел да се овозможи поразбирлив преглед на актуелната политичка криза и улогата на Европската Унија во истата, Институтот за демократија „Социетас Цивилис", во соработка со канцеларијата на Фондацијата Конрад Аденауер во Македонија, спроведе анкета со цел детектирање на перцепциите на граѓаните, вклучувајќи ги и нивните погледи за ефектите на процесот на пристапување на земјата во ЕУ врз прашањата поврзани со владеењето на правото, наодите и Препораките на Групата високи експерти за системските прашања од владеење на правото поврзани со следењето на комуникациите откриено во пролетта 2015 (Извештајот на Прибе) како и нивните перцепции за степенот на спроведување на истите. Исто така, анкетата опфати прашања поврзани со медијацијата на ЕУ во актуелната криза како и онаа на Германија, и прашања за перцепциите на граѓаните во однос на највлијателниот и најпретпочитуваниот надворешен/странски сојузник на Македонија.

3 „Блупринт – Предлог за итни демократски реформи", Скопје, Јули 2016, достапен на: http://idscs.org.mk/en/blueprint/

Телефонската анкета е спроведена во текот на месец ноември, 2016 година на примерок од 1100 испитаници. Примерокот е репрезентативен според пол, возраст (над 18 години), етничка припадност и исто така, има репрезентативна покриеност на испитаници од сите шест изборни единици во земјата. Резултатите се претставени во проценти и се предмет на грешка од ±3%.

## Напорите на ЕУ за медијаторство

Македонија е сведок на бројни политички кризи кои се случија од осамостојувањето наваму, од кои, повеќето од нив беа решени со помош на странско медијаторство. ЕУ во голема мера беше вклучена во овие случувања, како медијатор, но и како гарантор на договорите и резолуциите кои произлегле од медијацијата. Првиот поголем ангажман на ЕУ беше за време на вооружениот конфликт во 2001. Имено, Охридскиот рамковен договор е постигнат со сериозни напори на ЕУ, како и на САД. Договорот успешно го запре вооружениот конфликт и го трансформираше политичкиот систем во Македонија. Следна криза решена со помош на странско медијаторство, се случи во 2007 година, кога најголемата албанска партија, Демократската унија за интеграција го напушти Собранието и започна да ја бојкотира работата на истото во период од четири месеци. Како и претходната и оваа криза беше решена со медијаторство, како од страна на ЕУ, така и од страна на САД. Притоа, отпочнувањето на преговорите за пристапување за членство во ЕУ беше морковот на масата понуден од страна на ЕУ.[4] Во 2012 се случи уште една

4 Ненад Марковиќ и Миша Поповиќ, „Политички Дијалог", КАС и ИДСЦС, стр 26, достапно на: http://idscs.org.mk/wp-content/uploads/2009/08/Politicki_dijalog.pdf

голема политичка криза. Овој пат, кризата настана со насилното отстранување на пратениците од опозицијата од Собранието.[5] Оваа политичка криза заврши со договор постигнат со посредување од страна на ЕУ, како и интензивниот личен ангажман на Европскиот комесар за проширување, г. Стефан Фуле, поранешниот Претседател на Европскиот парламент, г-дин. Јиржи Бусек и членот на Европскиот парламент, г-дин. Ричард Ховит.[6] Следствено, заклучокот кој може да се извлече е дека, со време, улогата на ЕУ во медијаторството и помагањето да се надминат внатрешните политички кризи во Македонија, постепено се зголемува.

Последната, и сè уште актуелна, политичка криза во Македонија го следи овој модел. Започнувајќи со бојкот на Собранието од страна на најголемата опозициска партија во 2014; кризата ескалираше во 2015 година, со најавувањето на скандалот со прислушкувањето. Како и претходно, ЕУ во соработка со САД беа вклучени и во решавањето на оваа криза. Таканаречениот Договор од Пржино во 2015[7] година и неговите надополнувања во 2016[8], беше постигнат со ангажирање на неколку претставници од Европскиот парламент, и личниот ангажман на Европскиот комесар задолжен за европската соседска политика и за преговорите за проширување, г-дин. Јоханес Хан. Четирите најголеми политички партии во Македонија го поддржаа овој договор. Следствено, реформите кои произлегоа од истиот, го поставија курсот

5 Ibid.

6 Sinisa Jakov Marusic, “EU Brokers End to Macedonia Election Crisis”, Balkan Insight, 1 Mart 2013: http://www.balkaninsight.com/en/article/macedonian-leaders-strike-election-deal-end-crisis

7 European Commission, STATEMENT/15/5372, 15 July, 2015: http://europa.eu/rapid/press-release_STATEMENT-15-5372_en.htm

8 EEAS, “Agreement between the four political parties”, 20 July 2016 :http://eeas.europa.eu/archives/delegations/the_former_yugoslav_republic_of_macedonia/press_corner/all_news/news/2016/2016-07-20_agreement_en.htm

за парламентаните избори во декември 2016 во Македонија.

Најголемиот процент на испитаници (44,3%) одговорија дека не се задоволни од напорите кои Европската Унија (ЕУ) ги презема во решавањето на актуелната политичката криза во Македонија. Процентот на оние кои се делумно задоволни изнесува, 40,6%, додека само 10,9% се целосно задоволни од медијацијата на ЕУ. Комбинацијата на последните две групи, имено оние кои се целосно и делумно задоволни го претставува мнозинството на граѓани (51,5%) кои се барем делумно задоволни. Податоците исто така покажуваат дека евро скептичните граѓани се повеќе склони да бидат незадоволни со напорите вложени од страна на ЕУ во медијацијата на актуелната криза: речиси 67% од нив не се задоволни со медијаторството на ЕУ, наспроти 38,1% од граѓаните кои го поддржуваат процесот на пристапување на Македонија во ЕУ.[9]

ВО КОЛКАВА МЕРА СТЕ ЗАДОВОЛНИ ОД МЕДИЈАЦИЈАТА НА ЕВРОПСКАТА УНИЈА ВО РАЗРЕШУВАЊЕТО НА ПОЛИТИЧКАТА КРИЗА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА?




9 Земете предвид дека според ова анкета, 77% од граѓаните би гласале за влез во ЕУ, додека 17,5% би гласале против.

Од перспектива на етничка припадност на испитаникот, може да се забележи поголемо незадоволство од напори на ЕУ во медијацијата на актуелната криза кај етничките Македонци (46,1%) споредено со она на етничките Албанци (35,2%).




Интересен новитет во решавањето на актуелната криза беше вклучувањето на Германија. Во пикот на кризата, германското Министерство за надворешни работи назначи специјален претставник да работи заедно со останатите партнери во насока на решавање на кризната ситуацијата во Македонија. За прв пат во скорешната историја на Македонија, Германија испраќа свој претставник, како надополнување на постоечките напори за медијаторство преземени од страна на ЕУ. Во овој пионерски потег на Германската влада во Македонија, може да се забележи желбата на Германија да дејствува како европски „Главен олеснувач, одговорен посредник, промовирајќи амбициозен и унифициран одговор за предизвиците со кои се соочува Германија“.[10]

10 Frank-Walter Steinmeier, “Maintaining Transatlantic Unity in a Complex World”, 12.03.2015: http://www.

## *Зајакнување на владеењето на правото преку пристапување кон ЕУ*

Согласно Стратегија за проширување на ЕУ од 2015 година, зајакнувањето на владеењето на правото е од суштинско значење за процесот на проширување. Овој повеќегодишен документ, со своите последни измени, го опфаќа преостанатиот период од мандатот на сегашниот претсадател на Комисијата, г-дин. Жан Клод Јункер. Следствено, политиките за владеење на правото ќе останат на челното место на приоритети во процесот на проширување во годините што следат. Притоа, Комисијата одблиску ќе го следи спроведувањето на политиките поврзани со судството, анти-корупцијата и темелните права, како и оние поврзани со азил, (екстерна) миграција, гранична контрола, визниот режим, полициска соработка, борба против организираниот криминал и тероризам и други. Во овој контекст, доколку Македонија сака да напредува во процесот на пристапување, треба да воспостави континуирано и ефективно спроведување на овие политики.

Политичката криза откри структурни недостатоци во областа на владеењето на правото, кои го поткопуваат ефективното функционирање на демократските институции. Скорешните извештаи на Европската комисија покажуваат докази за стабилен пад во квалитетот на демократското владеење во Македонија, особено во поглед на судството. Скандалот со прислушкување од 2015 година ги потврди сериозните тврдења за „заробување на државата" од страна на владините елити и контрола врз судскиот систем во целина.

auswaertiges-amt.de/DE/Infoservice/Presse/Reden/2015/150312-BM_CSIS.html

Со цел да се спречи понатамошно влошување на демократската ситуација во земјата, ЕУ повика група експерти, предводени од Рајнхард Прибе да извршат проценка на ситуацијата и да направат анализа, која ќе резултира со препораки за надминување на состојбата. Анализата на експертскиот тим откри значителни недостатоци помеѓу постоечката легислатива и нејзиното имплементирање, нарушувања на темелните права, недостатоци во судството, како и политичко влијание во процедурата за избор на судии. Назадувањето во клучните области на демократско владеење всушност претставува една од главните причини поради која Комисијата и даде на Македонија условена пропорака за отпочнување на преговорите за пристапување во ЕУ. Спроведувањето на препораките од извештајот на Приебе би ја вратиле Македонија на зацртаниот пат кон ЕУ.

Резултатите од спроведената анкета покажуваат дека две третини од испитаниците сметаат дека процесот за пристапување кон ЕУ, значително или до одреден степен ќе придонесат за зајакнување на владеење на правото во Македонија, додека 14,5% сметаат дека ќе има само минимален придонес. Само 10.1% сметаат дека нема воопшто да придонесе. Одговорите на граѓаните од различна етничка припадност не се разликуваат значително по однос на ова прашање.




Од друга пак страна, македонските граѓани не се вистински информирани или запознаени со содржината на Извештајот од Прибе. На скалило од 1 до 10, каде 1 е воопшто не сум запознаен/а, а 10 е целосно сум запознаен/а, повеќе од три четвртини од граѓаните сметаат дека се едвај запознаени, од кои 58,5% одговориле дека воопшто не се запознаени.




Ниската запознаеност на граѓаните со Извештајот на Приебе се потврдува и со наредното прашање, кое ја испитува перцепцијата на граѓаните за спроведувањето на препораките од извештајот. Имено, 60,6% одговориле дека не знаат дали

препораките од Извештајот се спроведуваат, 15,3% веруваат дека препораките воопшто не се спроведуваат; 20,8% од граѓаните сметаат дека истите се спроведуваат во голема мера, додека само 3.3% сметаат дека во голема мера се имплементираат.




## *Дали ЕУ е единствената игра во градот?*

Во однос на најдобриот сојузник на Македонија, најголемиот процент на испитаници (26,2%) сметаат дека тоа би била ЕУ. Наредна е Руската федерација со 25%, додека 17,5% од испитаниците одговориле дека во таа улога ги гледаат САД. Иако ЕУ е сè уште најпретпочитуваниот сојузник, симпатиите на граѓаните кон Руската Федерација и евентуланото нејзино продлабочено инволвирање може да има негативен ефект врз поддршката за членство во ЕУ. Ова исто така покажува дека кредибилитетот на ЕУ во Македонија можеби е доведен во прашање и нужно потребни се соодветни и времени мерки да се поврати опаѓачкиот кредибилитет на процесот за пристапување за Македонија.




Во овој контекст, најголемиот дел од евроскептичните граѓани во Македонија, (кои претставуваат 17,5% од целиот примерок) сметаат дека Руската Федерација би била најдобриот сојузник на Македонија (42,9%). Спротивно на ова, најголемиот процент на граѓани кои го поддржуваат процесот на пристапување на Македонија во ЕУ (кои претставуваат 77% од целиот примерок), сметаат дека ЕУ би била најдобриот сојузник  (29,9%). Интерпретацијата на овие податоци сугерира дека кај повеќето евроскептични граѓани, празнината создадена од опаѓачката поддршка за процесот на пристапување во ЕУ, се надополнува со про-руски позиции.



Подетално, резултатите откриваат разлика во одговорите меѓу испитаниците од двете најголеми етнички групи, македонската и албанската. Имено, за најголемиот процент на Македонци (29,9%) најпретпочитуваниот/најдобриот сојузник е Русија, додека за најголемиот процент на Албанци (32%) тоа е ЕУ. Речиси четвртина (24,7%) од Македонците сметаат дека ЕУ би била најдобриот сојузник за Македонија со што ЕУ е позиционирана на второ место за најпретпочитуван/најдобар сојузник за оваа етничка група. Разликата помеѓу гледиштата на овие две етнички групи исто така се разликува значително и во однос на САД: 28% од Албанската етничка група ги сметаат за најдобар сојузник, во споредба со значително помалиот процент од 15% на етнички Македонци.




Во однос на влијанието кое го имаат странските земји во Македонија, скоро половина од испитаниците сметаат дека САД е земјата со најголемо влијание во Македонија, наспроти 22,8% од испитаниците кои веруваат дека тоа е ЕУ. Нема значителна разлика ако се гледаат овие одговори од перспектива на

етничка припадност и во однос на нивниот став за процесот за пристапување на Македонија во ЕУ.



IDSCS | Institute for Democracy Societas Civilis -Skopje

Konrad Adenauer Stiftung

ul. Teodosij Gologanov
br. 42A/3 and 42A/4,
1000 Skopje
+389 2 3094 760
+389 2 3094 760
contact@idscs.org.mk